Архивски број: 08-340/4
30-08-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-340/1 од 17.06.2022 година, поднесена од [redacted] против лицето [redacted] од Битола за сторена дискриминација, односно вознемирување во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 25.08.2022 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

СЕ УТВРДУВА ПОВИКУВАЊЕ И ПОТТИКНУВАЊЕ НА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на припадност на маргинализирана група, родов идентитет и сексуална ориентација сторено од страна на [redacted] од Битола и насочено кон ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 17.06.2022 година е доставена претставка бр. 08-340/1 од страна на [redacted] Скопје. Во претставката подносителот тврди дека е сторена дискриминација по основ на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен или општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет во друга област, односно на социјалната мрежа „FACEBOOK" врз припадници на ЛГБТИ+ заедницата од страна на лицето [redacted] со адреса на живеење [redacted] Битола.

Имено, лицето [redacted] на социјалната мрежа „FACEBOOK" од својот личен профил преку компјутерски систем на 13.06.2022 година во 22:40 часот направил објава на расистички и ксенофобичен текст во групата „Да го зачуваме бракот и семејството" со кој во јавноста промовирал омраза против група на лица. Објавениот текст гласел: „РУСИЈА V.S. МАКЕДОНИЈА Драчево многу гордо...дречи, А со што треба ние да се гордееме???". Дополнително приложено кон текстот била слика составена од две засебни слики, од која едната се однесувала на објавена вест на интернет портал прикажувајќи го насловот на веста која се однесувала на наводно

воведување на парични казни за ширење на ЛГБТ пропаганда. Другата засебна слика се однесувала и прикажувала наводно дел од интернет страна на општина Драчево со профилна слика од општината и прикачено знаме со кое се идентификува ЛГБТИ+ заедницата. Таквата објава била предмет на коментари, допаѓања и споделувања меѓу други учесници на социјалната мрежа со што се поттикнувала омраза кон ЛГБТИ+ заедницата.

По претходно доставен допис од Комисијата, во согласност со член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, лицето [redacted] против кого е поднесена претставката, на 25.07.2022 година со допис бр. 08-340/3 до Комисијата писмено се изјасни за наводите содржани во претставката. [redacted] во своето изјаснување навела дека не се согласува со наводите во претставката и дека со така поднесената претставка се злоупотребуваат надлежностите на Комисијата со цел да се предизвика автоцензура кај неа. Според неа објавениот текст од нејзин личен профил на социјалната мрежа „FACEBOOK", претставува само споделување на веќе објавена вест од страна на илјадници медиуми и дека таквата објава не содржи никаков расистички и/или ксенофобични елементи кои би поттикнале омраза против некоја маргинализирана група. Понатаму, таа наведува дека всушност подносителот на претставката се осврнува, пред се, на коментарите под објавениот текст, кои коментари се авторско дело на трети лица и не би требало да се бара одговорност од неа за лични ставови на трети лица. Притоа, таа имплицира на правилата на социјалната мрежа „FACEBOOK", според кои секој сам си одговара за своите постапки и одговорноста за одредена постапка е исклучиво на таа личност, а не како што тврди подносителот во претставката. Дополнително на тоа, таа наведува и дека не соодветно се користи случајот со пресудата на Европскиот суд за човекови права „Делфи против Естонија", односно дека медиумот „Делфи" имал одговорност за коментари со говор на омраза, бидејќи истите биле објавувани анонимно. Во тој случај коментарите биле објавувани на интернет страната во сопственост на медиумот „Делфи", кој како таков имал исклучива можност само тој да ги менува и брише. Таа во нејзиното изјаснување наведува и дека по добивањето на претставката обрнала внимание на коментарите под нејзината објава и увидела дека дел од нив навистина содржеле говор на омраза, по што ја избришала целата објава. Таа на крајот се осврнува на уставно загарантираните слобода на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, потенцирајќи ја забраната за цензура.

Комисијата ценејќи ги наводите во претставката и наводите во изјаснувањето, утврди дека со објавата на текстот од личен профил на социјалната мрежа „FACEBOOK" е сторено вознемирување по основ на припадност на маргинализирана група, родов идентитет и сексуална ориентација.

Именo, Комисијата анализирајќи ја содржината на текстот од објавата, утврди дека иако со истата наводно се споделува веќе објавена вест од страна на други медиуми и самата по себе не може да се квалификува како вознемирување, сепак


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

начинот на кој е споделена таквата вест заедно со останатите елементи на објавата, имплицитно повикува и поттикнува на дискриминација, односно вознемирување и однапред насочена дискусија за предметната тема. Комисијата смета дека така објавениот текст заедно со вметнатите слики во објавата, намерата да се отвори дискусија за определена политика на санкционирање и односот на една држава кон правата и слободите на одредена група на лица, во конкретниот случај на ЛГБТИ+ заедницата, имплицира во одредена мера оправданост на предвидување високи парични казни за ширење на пропаганда за сексуални, родови и полови права и слободи. Така објавениот текст во себе содржи веќе однапред дефиниран став на објавувачот, кој во комбинација со фиктивна и лажна слика за не постоечка општина, може да предизвика заблуда кај поголем број на лица и однапред да го утврди курсот на дискусијата која би се водела врз основа на така објавениот текст. Следствено на тоа, да поттикне коментари под објавата со вознемирувачка содржина кои би резултирале со презир и/или омраза кон одредена група на лица, притоа, повредувајќи го нивното достоинство.

Комисијата, смета дека вакви или слични текстови, кои за цел имаат намера да започнат одредена дискусија, треба да имаат неутрална содржина со цел поттикнување на објективна дискусија за предметната тема.

Понатаму, Комисијата смета дека независно од намерата на лицето кое објавува текст за тоа каков вид на дискусија сака да поттикне, истото во секој случај има обврска да ги цени коментарите кои се објавуваат и се поврзани со неговата објава, па истите доколку содржат вознемирувачки говор да ги отстрани.

Дел од објавените коментари под горенаведената објава, гласеле: „Ни не се гордејме ни се гадиме оние што зимаат пари за воа зло да го туркаат се гордеат со вакви гадости и зла", „Па од вакви педерска држава што може да се очекува" и сл.

Несомнено дел од објавените коментари, според Комисијата, содржат елементи на презир кон една цела група на лица како припадници на маргинализирана група, по основ на родов идентитет и нивна сексуална ориентација, како и кон одредени здруженија на граѓани, со што истите претставуваат вознемирување во смисла на член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Вознемирување согласно наведениот член од Законот, е секое несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

Дополнително, повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација, согласно член 9 од истиот Закон, е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа.

Оттука, Комисијата ценеше дека горенаведената објава посредно повикува и поттикнува на вознемирување врз група на лица, видно од објавените коментари.

Во однос на наведеното, а во врска со слобода на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, Комисијата истакнува дека со човековите

права и слободи, исто така, доаѓаат и одредени обврски, меѓу кои и таква која се состои во тоа колку е можно повеќе да се избегнуваат изјави и тврдења кои се неоправдано и неосновано навредувачки за другите, причинувајќи напад врз нивните права и слободи. Следствено на тоа, попречувањето на слободата на говорот на одредени лица од страна на властите, може да се смета за разумно доколку тоа е неопходно во едно демократско општество заради заштита на угледот и правата на другите.

Комисијата го забележува и фактот што објавениот текст од страна на лицето Драгана Спасовска бил објавен на нејзиниот личен профил и истиот бил предмет на релативно мал број на споделувања (6), реакции (59) и коментари (17), од кои дел се со вознемирувачка содржина.

Дополнително, Комисијата го забележува и фактот што лицето против кое е поднесена претставката веќе го отстранило објавениот текст, па оттука, согласно горенаведеното и одлученото во диспозитивот на ова мислење, а во согласност со член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ја дава следната

## ПРЕПОРАКА

1. Се препорачува лицето [redacted], со адреса на живеење на [redacted] Битола во иднина да се воздржи од вакви објави во било кој медиум и во било кој формат, односно објавите колку е можно повнимателно да ги формулира, со цел истите да не повикуваат или поттикнуваат дискриминација во форма на вознемирување.

2. Се препорачува горенаведеното лице во иднина да внимава на коментари со вознемирувачка содржина, објавени под нејзин текст – објава на социјалната мрежа „FACEBOOK" и истите доколку ги има соодветно да ги отстрани.

Претседател на Комисија за спречување и заштита од дискриминација,
Кире Василев

*Доставено до:*

[redacted]

*3. Архива на Комисијата*